МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број 9 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, мај 2019

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

1. Се објавува СТАТУТАРНА ОДЛУКА за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош, донесена на дваесет и трета седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/1**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 98 и член 99 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), член 154 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Одлуката за прифаќање Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош бр.09-1713/32 од 28.02.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.4/2019) и Одлуката за изменување и дополнување на “Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош бр.09-1713/32 од 28.02.2019 година„ бр.09-3463/4 од 03.05.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.8/2019, Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќаат Одлуката за прифаќање Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош бр.09-1713/32 од 28.02.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.4/2019) и Одлуката за изменување и дополнување на “Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош бр.09-1713/32 од 28.02.2019 година„ бр.09-3463/4 од 03.05.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.8/2019, поднесени од членот на Советот Филип Даскаловски.

Иницијативите се однесуваат на следните измени и дополнувања:

Во Статутот на Општина Карпош секаде каде е впишан текстот „Република Македонија“ помеѓу зборовите „Република Македонија“, се додава зборот „Северна “.
По измените и дополнувањата, впишаниот текст гласи „Република Северна Македонија“.

**Член 2**

Со оваа Одлука се брише членот 5 и на негово место се запишува нов член 5 кој гласи:

**„ЧЛЕН 5“**

„Општина Карпош има свој печат.

Печатот на Општина Карпош има облик на круг, во средина е грбот на Општина Карпош, а околу него во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија, а во вториот концентричен круг се испишани називот и седиштето на Општина Карпош.
Печатот на Општина Карпош е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
Големината на печатот на Општина Карпош е со пречник од 32мм.“
Општина Карпош води евиденција за печатите кои ги има.
Евиденцијата од став 1 на овој член, содржи: реден број; број и датум на одлуката со која е набавен печатот; отпечаток на печатот; почеток на употреба; потпис на задолженото лице за употреба на печатот; негово ставање вон употреба; и забелешка.
Печатот се предава на задолженото лице за негово користење и за тоа се составува посебен записник.
Записникот од став 3 на овој член, го потпишуваат лицето што го предава и лицето што го прима печатот.
Печатот се чува и се употребува во просториите на општината.
По исклучок од став 5 на овој член, ако се презема службено дејствие надвор од службените простории, печатот може да се употребува и надвор од седиштето на општината.
Печатот се става на актот од левата страна на потписот на овластеното лице за потпис.

**Член 3**

По членот 5, се додава нов член 5а кој гласи:

**„Член 5а“**

Општина Карпош има свои штембили кои се употребуваат за евидентирање на акти и други писмена на органот.
Штембилите имаат форма на правоаголник, го содржат името Република Северена Македонија, името Општина Карпош и седиштето на Општина Карпош, испишани хоризонтално едно под друго, а под нив е оставен празен простор за впишување на бројот на актот, на други писмена и на датумот на издавање на актот.
Големината на штембилите на Општина Карпош се со димензии 60х30мм.
Отпечатокот од штембилите се става во заглавието на актот и на другите писмена, од неговата лева страна, или може да биде отпечатен и во заглавието на актот или на други писмена.
Општина Карпош има повеќе штембили со иста содржина.
Општина Карпош има повеќе штембили со различна содржина и тоа:

1. Штембил за приемна пошта – Градоначалник на Општина Карпош
2. Штембил за излезна пошта – Градоначалник на Општина Карпош

3. Штембил за приемна пошта – Совет на Општина Карпош
4. Штембил за излезна пошта – Совет на Општина Карпош
5. Роковен штембил
6. Штембил (мал) архивски примерок
7. Приемен штембил на Градоначалник на Општина Карпош за потребите на Секторот за финансиски прашања

**Член 4**

Се овластува Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Карпош, во врска со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош, донесена на 23 седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 мај 2019 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/4**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за летен одмор на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за летен одмор на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош, донесена на дваесет и трета седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/2**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 4. Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 13/2018 ), Советот на Општина Карпош, на дваесет и трета седница седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за летен одмор на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за летување на ученици од семејства во потешка материјална состојба од Општина Карпош, заедно со професорите, директорите на училишта и вработените во Секторот за јавни дејности на Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пасион).

**Член 2**

Летувањето ќе се реализира во месеците кога е летниот распуст за учениците со обезбедени сместување, храна и превоз.

**Член 3**

Предвидена финансиска рамка во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2019 година е во износ од 3.000.000,00 денари.

**Член 4**

Се задолжуваат општинските основни училишта на територија на Општина Карпош да спроведат постапка за утврдување на бројката на учениците кои ќе летуваат врз основа на оваа одлука и да достават до Секторот за јавни дејности-Одделение за образование писмен документ за спроведената постапка.

**Член 5**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/5**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за награди за полуматуранти-првенци на генерација-заедничко патување во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за награди за полуматуранти-првенци на генерација-заедничко патување во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, донесена на дваесет и трета седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/3**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 5.Награди за полуматуранти-првенци на генерација, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 13/2018 ), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за награди за полуматуранти-првенци на генерација-заедничко патување во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на финансиски средства за награди за полуматуранти-првенци на генерација-заедничко патување во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, заедно со професорите, директорите на училишта и вработените од Секторот за јавни дејности на Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пасион).

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-4046/6**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за награди за полуматуранти-првенци на генерација-парична награда во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за награди за полуматуранти-првенци на генерација-парична награда во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, донесена на дваесет и трета седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/4**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 5. Награди за полуматуранти-првенци на генерација-Реализатор Општина Карпош, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 13/2018 ), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за награди за полуматуранти-првенци на генерација-парична награда во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на финансиски средства-награди во износ од по 10.000,00 денари, без пресметан персонален данок на десет ученици-полуматуранти од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои се прогласени за првенци на генерација во своите училишта во учебната 2018/2019 година.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-4046/7**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија, донесена на дваесет и трета седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/5**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 1. Училишни спортски игри Карпош 2019, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 13/2018 ), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска ексурзија за првопласираните училишни тимови и најдобрите поединци во спортските лиги, заедно со професорите-тренери, директорите на победничките училишта и вработени во Секторот за јавни дејности на Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пасион).

**Член 2**

Екскурзијата ќе се реализира во месеците кога е летниот распуст за учениците.

**Член 3**

Предвидена финансиска рамка во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година е во износ од 4.000.000,00 денари.

**Член 4**

Се задолжуваат општинските основни училишта на територија на Општина Карпош да спроведе постапка за утврдување на бројката на учениците кои ќе летуваат врз основа на оваа одлука и да достават до Секторот за јавни дејности-Одделение за спорт писмен документ за спроведената постапка.

**Член 5**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/8**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2019**

1. Се објавува Одлука за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2019, донесена на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/6**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02),а во врска со Глава II Проектни активности, точка 1. Активност/Настан: Училишни спортски игри Карпош 2019, од Програмата за активности на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
**за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2019**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на 26 парични награди на професорите-тренери по физичко и здравствено образование и индивидуално прогласените ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игриКарпош2019година.

За професорите-тренери по физичко и здравствено образование, се доделуваат следните награди:

- За освоено прво место на училишната спортска екипа по 10.000,00 денари за четри професори во: фудбал, кошарка, одбојка и ракомет
- За освоено второ место на училишната спортска екипа по 7.000,00 денари за четри професори во: фудбал, кошарка, одбојка и ракомет и
- За освоено трето место на училишната спортска екипа по 6.000,00 денари за четри професори во: фудбал, кошарка, одбојка и ракомет.

За индивидуално прогласените најдобри спортисти во училишните игри на Општина Карпош ќе се додели парична награда во износ од по 8.000,00 денари за четиринаесет (14) ученици.

**Член 2**

Средствата за исплата на паричните награди од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 3**

За исплата на наградите од член 1 на оваа одлука, поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/9**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта на Општина Карпош за „Хорски натпревар меѓу училиштата“во учебната 2018/2019 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта на Општина Карпош за „Хорски натпревар меѓу училиштата“во учебната 2018/2019 година, донесена на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/7**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („ Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 7.Хорски натпревар меѓу училиштата од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2019 година („ Службен гласник на Општина Карпош” бр.13/2018), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на финансиски средства на менторите на хоровите од општинските основни училишта на Општина Карпош за „Хорски натпревар меѓу училиштата“во учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства на музичките педагози од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои се прогласени за најдобри ментори на одржаниот хорски натпревар меѓу училиштата за учебната 2018/2019 година, како следи:

- за освоено прво место во износ од 12.000,00 денари, без пресметан персонален данок
- за освоено второ место 9.000,00 денари, без пресметан персонален данок и
- за освоено трето место 6.000,00 денари,. без пресметан персонален данок.
-

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/10**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука за прифаќање на донација од Кредисимо МК преку „Априори комуникации“**

1. Се објавува Одлука за прифаќање на донација од Кредисимо МК преку „Априори комуникации“, донесена на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/8**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија” бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седницата, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација од Кредисимо МК преку „Априори комуникации“**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа донацијата од Кредисимо МК преку „Априори комуникации“-давател на донација, во смисла на доброволна и безусловна помош во добра–средства за урбана опрема (декинг подлога, лулашки, тобогани, клацкалки, клупии) и хортикултурно уредување (цвеќе и зеленило), како и одржување на поставената урбана опрема, на парцела 1696/1 КО Карпош, во УЗ Карпош 3, површината лево од влезот на платото на ТЦ Лептокарија од страната на булеварот Партизански одреди, а примателo на донацојата

Давателот на донација има за цел да ја оплемени наведената парцела со поставување-изградба на таканаречено „Credissimo Gree Family Corner“, кое ќе биде зелено и урбано катче и ќе нуди рекреативни активности за деца и младинци.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/11**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2019 година во јавните детски градинки и општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2019 година во јавните детски градинки и општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош, донесена на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/9**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1; член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 88, став 3 и став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“4/19), и врз основа на Одговор на барање бр.12-4656/2 од 09.05.2019 година од Министерство за образование, Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2019 година во јавните детски градинки и општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2019 година во јавните детски градинки и општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош, донесена на деветнаесеттата седница, бр.09-1713/7 од 28.02.2019 година, на начин што во насловот се брише „општинските основни училишта“ и во член 1 се бришат називите на сите основни училишта, а во останатиот дел одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/12**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за давање согласност за постапување со Е отпад од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Решение за давање согласност за постапување со Е отпад од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/10**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), одредбите од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 163/13, 146/15 и 39/16), одредбите од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), а во врска со Договор за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Карпош бр.03-8516/1 од 26.09.2016 и ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје бр.0307-280/16 од 26.09.2016 година, Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност за постапување со Е отпад од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Со ова решение се дава согласност за постапување со Е отпад од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош.

2. Согласно одредбите од Договор за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Карпош бр.03-8516/1 од 26.09.2016 и ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје бр.0307-280/16 од 26.09.2016 година ЕЛКОЛЕКТ се задолжува да ја превземе собраната отпадна електрична и електронска опрема од сите општински основни училишта од територијата на Општина Карпош.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/13**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (2 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган – Собрание на Република Северна Македонија**

1. Се објавува Одлука за согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (2 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган – Собрание на Република Северна Македонија, донесена на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/11**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16); член 36, став 1, точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (2 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган – Собрание на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за времено давање на користење без надомест недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош – две (2) деловни прстории лоцирани на надземиот премин Влајко, У.З. Влае, општина Карпош, со вкупна површина од 18 $м^2$, и 1/8 од заедничкиот простор (ходник и тоалети) на државен орган – Собрание на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Деловниот простор кој е предмет на давање на користење на оваа одлука е во сопственост на Општина Карпош, лоциран на КП 7640, КО Ѓорче Петров 4-Влае, со Имотен лист бр.100797, со адреса на бул.„Партизански одреди“ 6б, Населба Влае 2, со број на жиро-сметка: 779014115763010, приходна шифра 725 939, програма 00, ЕМБС 6019145, застапувана од Градоначалникот Стефан Богоев.

**Член 3**

Предметниот деловен простор, преставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби со вкупно 16 деловни простории-канцеларии, од кои 2 деловни простории – канцеларии ќе бидат отстапени на времено користење без надомест на Собрание на Република Северна Македонија, на неопределено време.

**Член 4**

Собранието на Реублика Северна Македонија се обврзува да ги користи деловните простории-канцеларии за намена-канцеларии на пратеници за комуникација со граѓаните.

**Член 5**

Собранието на Република Северна Македонија се обрзува да ги покрива месечните финанасиски режиски трошоци (струја, вода, комунани трошоци, одржување на хигиена, чуварска служба) во износ од 1/8 од вкупните месечни фактури кои пристигаат на име на Општина Карпош за надземниот премин Влајко, најдоцна до 15ти во месецот.

**Член 6**

Секторот за финансиски прашања во Оптшина Карпош ќе изготвува месечна фактура за направените трошоци, согласно пресметаниот процент и ќе ја доставува еднаш во месецот до Собранието.

**Член 7**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката на потпишување и заверка на истиот.

**Член 8**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише договор со Собранието на Република Северна Македонија.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/14**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Измената на годишниот план за вработување за 2019 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Измената на годишниот план за вработување за 2019 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје, донесен на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/12**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 32, од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, и 142/16), член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06) и член 79-ѓ од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 6/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/2017), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Измената на годишниот план за вработување за 2019 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Измената на годишниот план за вработување за 2019 година на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош бр.04-63/1 од 25.2.2019 година, донесен од директорот на училиштето.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да изготви и достави Решение за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2019 година до ООУ „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 3**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/15**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за давање мислење за називот на општинското основно училиште „Братство“-Скопје**

1. Се објавува Заклучокот за давање мислење за називот на општинското основно училиште „Братство“-Скопје, донесен на дваесет и третата седница, одржана на 29 мај 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4265/13**
**Датум: 30.05.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 14 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), член 7 од Законот за јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), член 9 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/05, 120/05 и 51/11), а во врска со Правописот на македонскиот јазик – второ издание, Скопје 2017 година), Советот на Општина Карпош, на дваесет и третата седница, одржана на 29.05.2019 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање мислење за називот на општинското основно училиште „Братство“-Скопје**

1. Со овој заклучок Советот на Општина Карпош му укажува на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош, во однос на називот на училиштето да постапи согласно позитивните законски прописи, како следи:

- **Согласно Законот за основното обрзование**

член 14

(1) Името на основното училиште е напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо
(2) Во основните училишта во кои наставата се изведува и на друг јазик и писмо различен од македонскиот јазик, името не училиштето е напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кое се изведува наставата.

- **Согласно Законот за употреба на јазиците**

Член 7

(1) Називите на институциите од овој закон , како и сите други институции и нивните подрачни единици во локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазикразличен од македонскиот јазик . ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик. Називитее треба да бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонскиот јазик и писмо ќе биде напишан прв.

- **Согласно Правописот во делот за транскрипцијата и транслитерација на имиња на албански јазик** „Буквите од македонски јазик на албански јазик и од албански јазик на

македонски јазик треба да се пренесат на начин што е најблиску до нивниот оригинален изговор„ .

- **Согласно Правописот во делот за транскрипцијата и транслитерација на имиња на англиски јазик** „При пренесување на англиски гласови на македонски јазик и обратно, појдовна точка треба да биде нивниот изговор, а не начинот на кој се пишуваат, односно гласовите треба да се пренесат со звуково најсличниот глас.

**Тоа подразбира дека називот на Вашето училиште е и треба да биде:**
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ БРАТСТВО„ - СКОПЈЕ
SHKOLAA FILLORE KOMUNALE „BRATSTVO„ - SKOPJE
MUNICIPAL PRIMARY SCHOOL „BRATSTVO„ -SKOPJE

2. Примерок од овој Заклучок да се достави до ООУ „Братство“ Општина Карпош, Скопје и до Одделението за образование во Општина Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4046/16**
**Датум: 29.05.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

